20100811476

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 4 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 7.06.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АКУТНИ СЛУЧАИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/2008, 5/2009, 8/2009, 18/2009, 158/2009, 2/2010, 9/2010 и 16/2010), во членот 2, во табелата се вршат следните измени и дополнувања:

Кај редниот број 165, шифра на ДСГ F03Z - „Процедура на срцева валвула со пумпа за кардиопулмонално премостување ,со инвазивно испитување на срцето“, во колоната 4 бројот „280.883“ се заменува со бројот „468.630“.

Кај редниот број 166, шифра на ДСГ F04A - „Процедура на срцева валвула со пумпа за кардиопулмонално премостување без инвазивно испитување на срцето, со катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „193.434“ се заменува со бројот „429.578“.

Кај редниот број 167, шифра на ДСГ F04B - „ Процедура на срцева валвула со пумпа за кардиопулмонално премостување без инвазивно испитување на срцето, без катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „165.534“ се заменува со бројот „369.000“.

Кај редниот број 168, шифра на ДСГ F05A - „Коронарен бајпас со инвазивно испитување на срцето со катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „184.359“ се заменува со бројот „351.165“.

Кај редниот број 169, шифра на ДСГ F05B - „Коронарен бајпас со инвазивно срцево испитување на срцето, без катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „136.495“ се заменува со бројот „307.500“.

Кај редниот број 170, шифра на ДСГ F06A - „Коронарен бајпас без инвазивно срцево испитување на срцетосо катастрофални или тешки КК“, во колоната 4 бројот „114.681“ се заменува со бројот „306.270“.

Кај редниот број 171, шифра на ДСГ F06B - „Коронарен бајпас без инвазивно срцево испитување без катастрофални или тешки КК“, во колоната 4 бројот „67.059“ се заменува со бројот „289.050“.

Кај редниот број 172, шифра на ДСГ F07A - „Други кардиоторакални/васкуларни процедури со пумпа за кардиопулмонално премостување (СРВ пумпа) со катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „219.667“ се заменува со бројот „354.609“.

Кај редниот број 173, шифра на ДСГ F07B - „Други кардиоторакални/васкуларни процедури со пумпа за кардиопулмонално премостување (СРВ пумпа) без катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „143.243“ се заменува со бројот „354.609“.

Кај редниот број 174, шифра на ДСГ F08A - „Големи реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостувањее (СРВ пумпа) со катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „163.403“ се заменува со бројот „304.425“.

Кај редниот број 175, шифра на ДСГ F08B - „Големи реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостување (СРВ пумпа)без катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „97.623“ се заменува со бројот „196.800“.

Кај редниот број 176, шифра на ДСГ F09A - „ Други реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостување (СРВ пумпа) со катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „71.687“ се заменува со бројот „307.500“.

Кај редниот број 177, шифра на ДСГ F09B - „Други реконструктивни васкуларни процедури без пумпа за кардиопулмонално премостување (СРВ пумпа) без катастрофални КК“, во колоната 4 бројот „67.059“ се заменува со бројот „307.500“.

Кај редниот број 181, шифра на ДСГ F12Z - „Имплантација на срцев пејсмејкер“, во колоната 4 бројот „87.220“ се заменува со бројот „168.510“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-7869/5
7 јуни 2010 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Беким Сали, с.р.